**ЗАПИСНИК**
**од петата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС,**
**12 јуни 2024 година, Скопје**

**Присутни**:
Борче Јовчески - градоначалник на општина Прилеп – претседател на Надзорен одбор
Хекуран Дука- градоначалник на општина Дебар
Звонко Пекевски- градоначалник на општина Берово
Димитар Костадиноски - градоначалник на општина Јегуновце
Дејан Владев – градоначалник на општина Свети Николе
Габриела Илиевска – претседател на совет на општина Битола

**Расправа:**

Надзорниот одбор својата 5-та седница ја водеше по следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година;
2. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година;

Пред присутните членови беа претставени двата документи: наративниот и финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС во 2023 година. Се констатира реализација од 90% на буџетот, нема дефицит и поголемиот дел од расходите ги опфаќаат одржувањето на електронските системи, спроведувањето на обуки за општинската администрација и тековни трошоци за плати и одржување. И во 2023 година во однос на приходите останува предизвикот со целосната наплата на членарината. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати сеуште голем број на општини не ја подмируваат редовно оваа обврска. Оттука, беше даден апел за редовно подмирување на оваа обврска.

**ОДЛУКА**: Надзорниот одбор даде позитивно мислење за предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, и ги предложува на Генералното собрание на ЗЕЛС за усвојување.

**ТОЧКА РАЗНО**

Под точката разно, беше апелирано членките редовно да ја платат членарината кон ЗЕЛС и доколку продолжи трендот на ниска наплата да се размисли да се воведат нови мерки кои би ја подобриле наплатата.

**Скопје, 12 јуни, 2024 г.**

**Составил,**
**Стручна служба на ЗЕЛС**